Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/6
Прилеп, 28.05.2025 год.

Врз основа на членовите 329 став 1, 383, 384 и 483 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за употреба на добивката за годината (добивка по оданочување)**
**според годишната сметка на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп од 2024 год.**

**Член 1**

Остварената добивка од редовно работење по оданочување во П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп по годишната сметка за 2024 год. изнесува: ............................................ **65.881.995,00 ден.**

**Член 2**

Добивката се распределува за:

- Дел од добивка за инвестиции (реинвестирана добивка) ........ **36.365.995,00 ден.**
- Износ на бруто дивиденда (со вклучени сите давачки)........... **29.516.000,00 ден.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 329 став 1 од Законот за трговските друштва: „Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон или на статутот, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите.“

Согласно член 383 став 1 точка 2 од Законот за трговските друштва: „Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;“.

Според член 483 став 1 од Законот за трговските друштва, собранието одлучува за распоредување на добивката. Во ставот 2 е наведено дека, во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат: 1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има); 2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото; 3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда; 4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката; 5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и 6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Може да се констатира дека друштвото оствари позитивни финансиски резултати, иако станува збор за кризни години на работење. Претходните три години, друштвото распределуваше средства за резерви за инвестиционо вложување поради зголемениот обем на инвестиции и модернизирање на техничко-технолошките процеси.

Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

„ВИТАМИНКА“ ПРИЛЕП